# ПРОЦЕДУРА ЗА ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКА РАБОТА

Ознака: ПР 8.6/3
Статус: во примена
Верзија: 01
Во примена од: 26.11.2015

| | **Име и презиме** | **Функција** | **Потпис** |
|---|---|---|---|
| **Изработил** | *Роберт Миновски*<br>*Бојан Јованоски*<br>*Зоран Марков* | Автор на документ | |
| **Прегледал** | *Роберт Миновски* | Менаџер за квалитет | |
| **Одобрил** | *Атанас Кочов* | Декан | |

**СОДРЖИНА**

1. ЦЕЛ-НАМЕНА

2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

3. КРАТЕНКИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

4. НАДЛЕЖНОСТИ

5. ТЕХНИЧКИ ДЕЛ-ПОСТАПКА

*5.1 Изработка на дипломската работа*
*5.2 Иницирање административна постапка пред јавната одбрана*
*5.3 Проверка на досието на студентот*
*5.4 Пополнување на документацијата*
*5.5 Потврда на пријавата*
*5.6 Доставување на документите*
*5.7 Изготвување решение за одбрана на дипломска работа*
*5.8 Архивирање на Решението*
*5.9 Доставување на драфт верзија на трудот до членовите на комисијата*
*5.10 Доставување коментари за дипломската работа*
*5.11 Дефинирање на термин и просторија за јавна одбрана*
*5.12 Доставување на финалната верзија на трудот до членовите на комисијата*
*5.13 Јавна одбрана на дипломската работа*
*5.14 Ажурирање на досието*

6. ЛИТЕРАТУРА

7. ПРИЛОЗИ

## 1. ЦЕЛ-НАМЕНА

Оваа процедура е креирана да го дефинира начинот на подготовка, спроведување и контролата на наставниот процес во нашата организација.

## 2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Процедурата се применува во нашата организација, во сите нејзини делови што се опфатени од системот за менаџмент на квалитетот.

## 3. КРАТЕНКИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| **Д** | Декан |
| **ПДН** | Продекан за наставна дејност |
| **ТС** | Технички секретар |
| **РИ** | Раководител на институт |
| **ОСП1** | Одделение за студентски прашања за прв циклус студии |
| **РОСП1** | Раководител на одделение за студентски прашања за прв циклус студии |
| **АРХ** | Архивира |
| **М** | Ментор |

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ

Оваа процедура е во надлежност на **Д**. Негов заменик за оваа процедура е **ПДН**.

## 5. ТЕХНИЧКИ ДЕЛ-ПОСТАПКА

Согласно ЗВО, член 113, став 1, изработката и одбраната на дипломската работа заедно со претходното полагање на сите предвидени предмети од студиската програма е услов за завршување на студиите од прв циклус.

Кај студиските програми на нашата организација, дипломската работа се пријавува при запишување на завршниот семестар.

Студентот мора да ги има положени сите испити (освен дипломската работа), т.е. да има освоено 174 кредити за тригодишните студии или 230 кредити за четиригодишните студии пред да пристапи кон административно постапување за јавна одбрана на дипломската работа.

### *5.1. Изработка на дипломската работа*

Со запишување на семестарот е дефинирана генерализираната тема на дипломската работа и предлог менторот.

Студентот е должен самостојно да ја работи дипломската работа, под надзор на предлог-менторот. Во оваа процедура нема да се навлегува во суштинските елементи околу изработката на дипломската работа и начинот на комуникација на предлог-менторот и студентот заради почитување на академската автономија на наставникот- ментор.

При изработката на дипломската работа, студентот е обврзан да се придржува кон напатствијата дадени во *Упатство за техничко оформување на дипломска работа (ОБ 8.6/10).*

### *5.2. Иницирање административна постапка пред јавната одбрана*

Студентот постапката ја иницира со поднесување *Молба за издавање уверение (4 години) (ОБ 8.6/8)* или *Молба за издавање уверение (3 години) (ОБ 8.6/9)*, соодветно, за добивање *Уверение за положени испити и освоени кредити (ОБ 8.6/7)* во **ОСП1,** претходно заверено во **АРХ**.

### *5.3. Проверка на досието на студентот*

**ОСП1** е должен по доставената *Молба*, да го провери досието на студентот во насока на исполнување на сите негови обврски во однос на запишување и заверки на сите семестри и доставени пријави од сите положени испити.

Заедно со *Уверение за положени испити и освоени кредити (ОБ 8.6/7)* отпечатено на задната страна на претходно доставената молба, студентот добива и *Пријава за одбрана на дипломска работа (ОБ 8.6/11).*

### *5.4. Пополнување на документацијата*

Студентот е должен да се обрати кај предлог-менторот со цел да се пополни *Пријава за одбрана на дипломска работа (ОБ 8.6/11)*, каде првата страна е пополнета и потпишана од студентот и предлог-менторот, а втората страна е пополнета од предлог-менторот. При пополнување на овој образец, должност е на предлог-менторот да ги контактира предлог-членовите на Комисијата **(КОМ)** за добивање нивна согласност.

Со пополнување на *Пријавата за одбрана на дипломска работа (ОБ 8.6/11),* студентот се здобива со право на потпис од предлог-менторот.

### *5.5. Потврда на пријавата*

Вака изготвената *Пријава за одбрана на дипломска работа (ОБ 8.6/11)*, се потврдува од страна на **РИ**, на втората страна.

### *5.6. Доставување на документите*

Студентот е должен документацијата да ја достави до **ТС** на деканат, по што **ТС** истата ја проследува до **ПДН**.

### *5.7. Изготвување решение за одбрана на дипломска работа*

**ПДН** со овластување од **Д**, проверува дали постапката за определување ментор, тема и за составот на Комисијата е во согласност со *Одлука за условите, начинот и постапката за одбрана на дипломска работа* и го проследува за изработка на *Решение,* од страна на **ТС**. Во случај на одредени недоследности **ПДН** го контактира **РИ** за нивно разрешување.

Вака изготвеното *Решение за одбрана на дипломска работа (ОБ 8.6/15)*, **ПДН** го оверува со потпис.

Во случај на спреченост на некој од членовите од Комисијата да учествува во понатамошниот процес, одговорен за спроведување на постапката за негово заменување е **ПДН**.

### *5.8. Архивирање на Решението*

*Решение за одбрана на дипломска работа (ОБ 8.6/15)* се архивира од страна на **АРХ**.

По еден примерок од ова *Решение за одбрана на дипломска работа (ОБ 8.6/15)* се доставува до: членовите на Комисијата, студентската служба, кандидатот и архивата на Факултетот.

### *5.9. Доставување на драфт верзија на трудот до членовите на комисијата*

Студентот е должен дипломската работа да ја достави на увид до секој од членовите на комисијата.

### *5.10. Доставување коментари за дипломската работа*

Членовите на комисијата се должни да достават коментари во писмена форма (на пример по mail) до кандидатот и до менторот.

### *5.11. Дефинирање на термин и просторија за јавна одбрана*

**М** е должен да ја координира работата на Комисијата. Откако членовите на Комисијата позитивно ќе се произнесат по дипломската работа, **М** е должен да обезбеди просторија и термин за јавната одбрана. Тоа треба да биде во согласност со членовите на Комисијата и студентот (по потреба се контактира и **ОСП1**).

**М** е должен да пополни образец за *Известување за јавна одбрана (ОБ 8.6/12)* преку формулар на web страната на организацијата со сите потребни податоци.

### *5.12. Доставување на финалната верзија на трудот до членовите на комисијата*

Студентот е должен финалната верзија на дипломската работа да ја достави во три примероци (за секој од членовите на комисијата), најмалку 3 дена пред денот на одбраната.

### *5.13. Јавна одбрана на дипломската работа*

Спроведувањето на јавната одбрана на дипломската работа се врши според *Протокол за јавна одбрана на дипломска работа*.

Менторот е должен да обезбеди и пополни *Записник од одбрана (ОБ 8.6/13)* и по завршувањето на одбраната да го достави до **ОСП1**.

### *5.14. Ажурирање на досието*

**ОСП1**, вака доставениот *Записник од одбрана (ОБ 8.6/13)*, го става во досието на кандидатот.

Потоа се изготвува *Уверение со положени испити (ОБ 8.6/7)*, каде се наведени сите предмети што ги положил студентот со соодветната оценка и освоените кредити, вклучително и дипломската работа.

*Уверение со положени испити (ОБ 8.6/7)* потпишано од **Д**, се архивира од **АРХ**.

**ОСП1** ги внесува податоците за студентот во *Матичната книга на дипломирани*. Со ова за студентот го завршува процесот на студирање.

## 6. ЛИТЕРАТУРА

Фамилија на стандарди ISO 9000.

## 7. ПРИЛОЗИ

| Ознака | Име на прилогот |
|---|---|
| Прилог 1 | Дијаграм на тек за одбрана на дипломска работа |
| ОБ 8.6/10 | Упатство за техничко оформување на дипломска работа |
| ОБ 8.6/8 | Молба за издавање уверение (4 години) |
| ОБ 8.6/9 | Молба за издавање уверение (3 години) |
| ОБ 8.6/7 | Уверение за положени испити и освоени кредити |
| ОБ 8.6/15 | Решение за одбрана на дипломска работа |
| | Одлука за условите, начинот и постапката за одбрана на дипломска работа |
| ОБ 8.6/12 | Известување за јавна одбрана |
| | Протокол за јавна одбрана на дипломска работа |
| ОБ 8.6/13 | Записник од одбрана |
| | Матична книга на дипломирани |